# MO PAMAKEPC / MO RAMAKERS





Мо Рамакерс
Mo Ramakers

Издава: Музеј на современата уметност - Скопје 2004/05
Самоилова бб, 1000 Скопје, Самоилова бб, п.ф. 482, тел. 311 7734/35;
факс 311 0123, ffv@msuskopje.org.mk

За издавачот: Емил Алексиев, директор
Организација и предговор: Зоран Петровски
Фотографии: Мо Рамакерс
Превод: Ирена Апостолова
Графичко обликување: Стефан Георгиевски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Мо Рамакерс
Published by: Museum of Contemporary Art - Skopje, Macedonia, 2005
Samoilova bb, P.O.Box 482, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel. +389 2 311 7734/35, fax +389 2 311 0123, ffv@msuskopje.org.mk

Editor-in Chief: Emil Aleksiev, director
Organization and preface: Zoran Petrovski
Photographs: Mo Ramakers
Translation: Irena Apostolova
Lay-out: Stefan Georgievski
Print; Skenpoint, Skopje
500 copies

ISBN 99 89-703-70-1

Реализацијата на изложбата финансиски ја овозможија:
The exhibition was realized with the financial support by:

Министерство за култура

Ministerie van de
Vlaamse Gemeenschap

На корицата: Сини шлемови, 2004 (детаљ)
On the cover: Blue Helmets, 2004 (detail)

Работно време: вторник до сабота од 10-17 ч., недела од 9-13 ч. Во понеделник Музејот е затворен за посета
Музеј на современата уметност, Самоилова бб, п.ф. 482, 1000 Скопје,
тел. 311 77 34, факс 311 01 23, ffv@msuskopje.org.mk
Opening time: Tuesday-Saturday 10.00-17.00, Sunday 09.00-13.00. On Monday the Museum is closed for visitors
Museum of Contemporary Art, Samoilova bb, P.O. Box 482, 1000 Skopje, Macedonia
t. + 38 92 311 77 34, f. + 38 92 311 01 23, ffv@msuskopje.org.mk

# МО РАМАКЕРС
# MO RAMAKERS

Музеј на современата уметност - Скопје
Museum of Contemporary Art - Skopje, Macedonia

7. 12. 2004 - 27. 01. 2005

МАШКИОТ СВЕТ НА МО РАМАКЕРС

*Релациите на моќта преминуваат во нашите тела*
*Мишел Фуко*

Она што веднаш го привлекува и задржува нашето внимание пред делата на Мо Рамакерс е едноставноста и јасноста со кои таа ја формулира содржината на своите идејни преокупации, исто како и директниот, емотивен, духовит, некаде остар, а некаде болен тон со кој ги изнесува своите ставови. Ова е најочигледно во Cochon retourné, дело кое ја претставува фигурата на една огромна, румена, прилично масна и во секој случај одбивна свиња, чијашто кожа, згора на тоа, е обложена со црева од вистинска свиња. Насловот упатува на францускиот израз mouton retourné, кој означува зимски палта од превртена овча кожа, а кој тука и во буквална и во преносна смисла значи превртена утроба, екстериоризирана внатрешност која е лишена од идејата за духовното, мистичното или од каква било слична примисла од метафизички карактер. Лишена од сè друго, освен од дрчно дигестивната.

Но, осилото на оваа алегорична персифлажа на Мо Рамакерс не се задржува само на нејзиниот коментар за светот на владеењето на вредностите на хипер-материјалното. Судејќи, имено, според фигурата на свињата која зрачи со својата разметлива самобендисаност и ароганција, но и според нејзиниот снажен р'бет, кој всушност свињите не го поседуваат во таква форма и кој потсетува на оној кај бикот или волот, тогаш и не е тешко да се разбере дека Рамакерс тука зборува за една грда и приземна персонификација на машкиот род, и тоа не многу различно од начинот на кој тој се опишува во женскиот жаргон: како едно брутално, бесчувствително, незаситно егоистично животно.

Во едно друго дело, во сликата *Меснато*, гледаме три пара женски нозе свртени одзади како висат обесени во нешто што недвосмислено потсетува на кланица за месо. Нивната поза, која се повторува или којашто се поистоветува со животински нозе и во неколку други дела (во серијата фотоколажи *Без наслов*), асоцира на вулгарен и понижувачки машки поглед со кој жената се претвора во објект за сексуална употреба.

Иако ставени во малку поинаков, формално порафиниран и благо назначен социјален контекст, сепак содржината на истиот овој проблем на базично дивергентни релации меѓу мажот и жената, суштински за делата на Мо Рамакерс на оваа изложба, го среќаваме и во две други дела. Така на пример, испрчената и горделиво самопосветена група од пет пара

бронзени одливци на машки стапала наречени *Рогати пешаци*, претставува групен портрет на пет типични машки карактери. Но, со тоа што од нив како од саксија никнуваат различни видови рогови, Рамакерс со доза на слатка иронија ни сугерира дека без оглед на тоа дали станува збор за мажествен, инфантилен, интелектуален, феминизиран, “денди” или некој друг хибрид од тие карактери, моќта, агресивноста и посесивноста сепак остануваат нивните инхерентни атрибути. На друга страна, пак, во достоинствената тишина која ја шири околу себе белата група женски клечечки нозе излиени во фини тантели во *Мадони*, наместо индивидуалноста ја среќаваме само немата, елегична драма на оние кои сè уште издржуваат и оние кои потклекнуваат за да паднат. Поетската метафора што стои зад оваа, скулпторски сугестивна композиција, којашто се издвојува донекаде од амблематичната реторичност на останатите дела на изложбата, се чини дека Рамакерс му ја посветува без ни малку патос на стоицизмот на жената ставена во егзистенцијален хијатус меѓу традиционалните и индивидуални вредности во современото општество.

Една од главните причини за тој хијатус во општествен контекст, Мо Рамакерс ја наоѓа во релациите изградени врз механизмите на моќта и превласта и во нивната длабока вкоренетост во културните и цивилизациски матрици. Во неколкуте серии компјутерски работени фото-колажи, Рамакерс се бави токму со една таква матрица каква што е претставувањето. Во една од фото-монтажите од споменатата серија *Без наслов*, Рамакерс ни нуди пародија на Леонардовите идеални човекови (машки) пропорции, создадавајќи едно хибридно полу-женско, полу-животинско суштетсво слично на монструмите од приказите на грешните страсти на фламанскиот ренесансен сликар Хиеронимус Бош и кое очигледно од библиската генеза до дарвиновата еволуција, не успева да ја промени претставата за својата “несовршена” и потчинета природа. Наспроти ова, во четирите големи алегорични композиции работени во духот на високиот барок и насловени *Св. Тројство, Заштитник, Судот и Бог-Јагне*, “фотошоп” манипулацијата на Рамакерс му дава на Христовиот симбол, јагнето или овцата човечки облици во кои не доминираат атрибутите на полот, обидувајќи се со оваа речиси бласфемична постапка да ја преиспита и да ѝ се спротивстави на хиерархичноста на симболичкото претставување и на неговата улога во структурите на моќта.

Женскиот ракурс на Мо Рамакерс, од кој таа ги гледа и се обидува да ги обележи круговите на моќта е најдиректно манифестиран во *Сини шлемови*, фризот составен од 200 различни слики на женски гради. Приказните кои ги раскажува кожата на овие гради е сензуална, искрена, понекаде ранлива и секаде интимна и индивидуална. Но, истовремено, со боењето на брадавиците на градите во сино, како и со поставувањето на две знамиња со црвени ригести фалуси како просторна рамка од двете страни на фризот, Рамакерс ја префрлува симболиката на делото на идеолошко рамниште, изедначувајќи ја со актуелните прашања за глобализмот, доминацијата, потиснувањето на правото на другиот и губењето на индивидуалноста. Видена во оваа светлина, пораката на алегоричниот говор на *Cochon retourné* и на останатите дела на изложбата на Мо Рамакерс, остава горчлив вкус: ова и натаму е само машки свет.

Зоран Петровски

## MO RAMAKERS' MAN'S WORLD

*Power relations pass into our bodies.*
*Michel Foucault*

What immediately attracts and holds our attention in front of Mo Ramakers' works is the simplicity and clarity with which she formulates the content of her ideological preoccupations, as well as her direct, emotional, witty, at times sharp, and at times yet doleful tone with which she expresses her stances. This is most obvious in *Cochon retourné*, a piece of work that presents the figure of a massive, ruddy, quite fatty, and, in any case, repulsive pig, whose hide, to make it worse, is coated with intestines of a real pig. The title points to the French expression mouton retourné, which signifies winter coats made of napped sheepskin, and which here both literally and figuratively means overturned intestines, an exteriorised inside deprived of the idea of the spiritual, mystical, or of any similar by-thought of metaphysical character. Deprived of everything else, but of its avid-digestive traits.

However, the hornet's nest of this Mo Ramakers' allegoric parody does not stay only on her comment on the world ruled by the values of the hyper-material. Judging, thus, by the pig figure which emanates its boastful self-love and arrogance, as well as by its strong backbone, which actually pigs do not posses in such a form and which reminds us of that in bulls or oxen, then it is not difficult at all to understand that Ramakers talks here about a hideous and down-to-earth personification of the male sex, and not very unlike the way he is described in the female jargon: as a brutal, senseless, insatiable egotistic animal.

In another work, in the painting *Meet-able*, we can see three pairs of women's legs from the back as they hang suspended in something that undoubtedly reminds us of a slaughterhouse. Their pose, which also recurs or which identifies with the animals' legs in several other works of Ramakers (in the series of photo-collages Untitled), brings on associations of a vulgar and humiliating male look by which a woman turns into an object of sexual use.

Although placed in a somewhat different, formally more refined, and mildly marked social context, the content of the same problem of basically divergent relations between man and woman, essential for Mo Ramakers' works, at this exhibition, also appears in two other pieces of work. Thus, for example, the strutting and proudly self-dedicated group of five pairs of bronze castings of man's feet called *Hornwalkers*, represents a group portrait of five typical male characters. Yet, by the fact that from them, as from a flowerpot, various sorts of horns sprout, Ramakers, with a dose of sweet irony suggests to us that notwithstanding whether it is a manly, infantile, intellectual, feminised, "dandy," or another hybrid of

those characters, the power, aggressiveness, and possessiveness still remain their inherent attributes. On the other side, yet, in the dignified silence that the white group spreads around itself, the women's squatting legs cast in lace, in *Madonnas*, instead of individuality we meet only the silent, elegiac drama of those who still withstand and those who kneel to fall. It seems that Ramakers dedicates, without slightest pathos, the poetic metaphor behind this sculpturally suggestive composition, which stands a little aside of the emblematic rhetoric of the remaining works at the exhibition, to the woman's stoicism in the existential hiatus between the traditional and individual values of the contemporary society.

Mo Ramakers finds one of the main reasons for that hiatus in social context in the relations built up on the mechanisms of power and dominance and in their deep-rootedness into the cultural and civilization matrices. In several of her series of computer-processed photo-collages, Ramakers tackles particularly one such matrix as representation. In one of the photo-montages of the abovementioned series *Untitled*, Ramakers offers to us a parody of Leonardo's ideal human (man's) proportions, creating at the same time a hybridised half-female, half-animalistic creature similar to the monsters from the tales of sinful passions by the Renaissance Flemish painter Hieronimus Bosch, which, evidently, from the Biblical Genesis to Darwin's evolution has not managed to change the idea of its "imperfect" and subjugated nature. Dissimilarly, in the four big allegoric compositions made in the spirit of the high baroque and entitled *Holy Trinity, Protector, The Judgement* and *God- Lamb*, Ramakers' "photoshop" manipulation gives human shapes to Christ's symbol, the lamb or the sheep, where the attributes of the sexes do not prevail, trying to reassess and to oppose the hierarchy of the symbolic representation and its role in the structures of the power with this almost blasphemous procedure.

Mo Ramakers' feminine assertion, from which she watches them and tries to mark the circles of power, is most directly demonstrated in *Blue Helmets*, the frieze made of 200 different images of women's breasts. The stories that the skin of these breasts tells is utterly sincere, sensual, somewhere vulnerable and everywhere profoundly intimate and individual. However, at the same time, with the colouring of the nipples in blue, as well as with the placement of two flags of red striped phalluses as guards or pillars on both sides of the frieze, Ramakers shifts the symbolism of the frieze to ideological level, aligning it with the current issues of globalisation, domination, repression of the right to otherness and loss of individuality. Seen in this context, the message of the allegorical language of the *Cochon retourné* and other works of Mo Ramakers in this exhibition, gives a feeling of bitter taste: this is still just a man's world.

Zoran Petrovski



Човештво / Елементи / Ветерокршачи, 2004
Полиуретан, смола, стаклена волна
*Mankind / Elements / Windbreakers*, 2004
*Polythereen*, *resin*, *fiber*














Меснато, 2004
Фотографија на платно, гума, 205x130 см.
*Meat-able*, 2004
*Photography on canvas*, *latex*, 205x130 *cm*.





Безлично-телесно, 2004
Природна гума, лепак, копита
*Impersonal-Corporal*, 2004
*Rubber*, *glue*, *paws*





Мадони, 2004
Тантела, смола, авто-лак
*Madonnas*, 2004
*Cotton*, *resin*, *carpaint*











Рогати пешаци, 2004
Бронза, рогови
*Hornwalkers*, 2004
*Bronze*, *horns*











Батаљон од снесени нозе, 2003
Кокошкини нозе, хартија, 275x120x13 см.
*Leg Battalion*, 2003
*Chicken legs*, *paper*, 275x120x130 *cm*.





Сини шлемови, 2004
Платно на дрвени плочи, 1.200x150 см. (8 панели со 200 фотографии, секоја 30x30 см.)
*Blue Helmets*, 2004
*Canvas on wood plates*, 1.200x152 *cm*. (8 *panels with* 200 *photographs*, *each* 30x30*cm*.)







Бог-јагне, 2004
Фотографија на платно, рамка, 214x144 см.
*Lamb God*, 2004
*Photography on canvas, frame*, 214x144 *cm*.



Свето тројство, 2004
Фотографија на платно, рамка, 214x144 см.
*Holy Trinity*, 2004
*Photography on canvas*, *frame*, 214x144 *cm*.



Заштитник, 2004
Фотографија на платно, рамка, 214x144 см.
*Protector*, 2004
*Photography on canvas, frame*, 214x144 *cm*.



Суд, 2004
Фотографија на платно, рамка, 214x144 см.
*Judgment*, 2004
*Photography on canvas*, *frame*, 214x144 *cm*.



Cochon Retourné, 2003
Полиуретан, боја, смола, свински црева, 260x90x110 см.
*Cochon Retourné*, 2003
*Polythereen*, *paint*, *large intestines*, *resin*, 260x90x110 см.



10 Заповеди
10 *Commandments*

10 Заповеди
10 *Commandments*

Забрана 1, 2004
Плотер принт, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 1, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 2, 2004
Фотохартија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 2, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 3, 2004
Фотохартија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 3, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 4, 2004
Фотохартија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 4, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 5, 2004
Фотохартија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 5, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 6, 2004
Фотохартија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 6, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 7, 2004
Фотохартија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 7, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 8, 2004
Фотохартија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 8, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 9, 2004
Фотографија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 9, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.

Забрана 10, 2004
Фотографија, плексиглас, 70x80 см.
*Commandment* 10, 2004
*Print on photopaper*, *plexiglass*, 70x80 *cm*.








Без наслов, 2004
Фотографија на платно, 130x130 см.
*Untitled*, 2004
*Photography on canvas*, 130x130 *cm*.





Без наслов, 2004
Фотографија на платно, 130x130 см.
*Untitled*, 2004
*Photography on canvas*, 130x130 *cm*.

Без наслов, 2004
Фотографија на платно, 130џ130 цм.
*Untitled*, 2004
*Photography on canvas*, 130x130 *cm*.





Без наслов, 2004
Фотографија на платно, 130x130 см.
*Untitled*, 2004
*Photography on canvas*, 130x130 *cm*.

Без наслов, 2004
Фотографија на платно, 130џ130 см.
*Untitled*, 2004
*Photography on canvas*, 130x130 *cm*.



**Биографија**

Родена 1963 во Тонгерен, Белгија. Дипломирала на Академијата за ликовни уметности во Мастрихт, Холандија во 2002 година.
Живее и работи во Ланакен, Белгија.
Адреса: mo.ramakers@skynet.be

**Самостојни изложби**

2004 Скопје, Музеј на современата уметност
Кноке-Зуте, Белгија, Галерија Бенот
Реселаре, Белгија, Галерија "Негенпунтнеген"
2003 Тилбург, Холандија, Галерија на Фондацијата "Де Крон"
2001 Мастрихт, Холандија - Галерија Академија
Рекем, Белгија, Museumkerk

**Групни изложби**

2004 Хузден-Золдер, Белгија, "Siate Piazzevole" - кустос Лут Марис
Остенде, Белгија, "Contest Art 7" - кустос Фред Мес
Кноке-Зуте, Белгија, Фотографија-Галерија Бенот
Масеик, Белгија, Уметноста и градот
2003 Мастрихт - Ахен, Холандија/Германија - Фестивал ПП - кустос др. Ј. Л. Шенаси
2002 Мастрихт, Холандија, Академија за ликовни уметности
Мастрихт, Холандија, "Artifort"
2001 Барн, Холандија, Замок Гренвалд - кустос Ивон Савелкул
Мастрихт, Холандија, Галерија на Академијата за ликовни уметности

**Следни самостојни изложби**

2005 Хаселт, Белгија, Културен центар "De Doos"
Хузден-Золдер, Белгија, Галерија "De Mijlpaal"

**Публикации**

2004 "Siate Piazzevole" (каталог)
Break - Abstracte & Actuele Kunst
Mo Ramakers, Каталог 2004
2003 Неделник Spits, "Kipcollages als onsmakelijke maar confronterende vingerwijzing" Gezond idee, Monthly Magazine nr 58, - "Gruwelijk mooi!"
2002 "Lanaken 2001" Jaaroboek
2001 Attent, Monthly Magazine nr. 10 "Theater van de natuur" (каталог)

## Biography

Born 1963 in Tongeren, Belgium. Graduated from the Academy of Fine Arts in Maastricht in 2002 on the Fashion and Free Form Textile.
Lives and works in Lanaken.
Address: mo.ramakers@skynet.be

## Solo Exhibitions

| | |
|---|---|
| 2004 | Skopje, Macedonia, Museum of Contemporary Art |
| | Knokke-Zoute, Belgium, Benoot Gallery |
| | Roeselare, Belgium, Kunstgalerij "negenpuntnegen" |
| 2003 | Tilburg, Netherlands - Stichting Galerie "De Kroon" |
| 2001 | Maastricht, Netherlands - Academy Gallery |
| | Rekem, Belgium - Museumkerk |

## Group Exhibitions

| | |
|---|---|
| 2004 | Heusden-Zolder, Belgium - Siate Piazzevole - curator Lut Maris |
| | Oostende, Belgium - Contest Art 7 - curator Fred Maës |
| | Knokke-Zoute, Belgium - Photographie - Benoot Gallery |
| | Maaseik, Belgium - Art & the City |
| 2003 | Maastricht - Aken, Netherlands/Germany - PP-festival - curator Drs. J. L. Szénássy |
| 2002 | Maastricht, Netherlands, Academy of Fine Arts |
| | Maastricht, Netherlands - Artifort |
| 2001 | Baarn, Netherlands - Castle Groeneveld - curator Yvonne Savelkoul |
| | Maastricht, Netherlands - Academy Gallery |

## Next Solo Exhibitions

| | |
|---|---|
| 2005 | CC Hasselt / "de doos", Belgium |
| | Heusden-Zolder, Belgium - Kunstgalerij De Mijlpaal |

## Publications

| | |
|---|---|
| 2004 | Siate Piazzevole - catalogue |
| | Break - Abstracte & Actuele Kunst, magazine |
| | Mo Ramakers, catalogue 2004 |
| 2003 | Spits, Weekly Journal - "Kipcollages als onsmakelijke maar confronterende vingerwijzing" Gezond idee, |
| | Monthly Magazine nr 58, - "Gruwelijk mooi!" |
| 2002 | "Lanaken 2001" Annual |
| 2001 | Attent, Monthly Magazine nr. 10 "Theater van de natuur", catalogue |

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.038.55(493)(06.064) Рамакерс, М.

Рамакерс, Мо
Мо Рамакерс: Музеј на современата уметност - Скопје
7.12.2004-27.01.2005 / (предговор Зоран Петровски; фотографии Мо Рамакерс ; графичко обликување Стефан Георгиевски) = Mo Ramakers : Museum of Contemporary Art - Skopje / (preface Zoran Petrovski; photographs Mo Ramakers; lay-out Stefan Georgievski). - Skopje: Музеј на современата уметност, 2005. - 46 стр. : илустр. во боја; 22x22см.

Тираж 500

ISBN 9989-703-70-1

а) Ликовни инсталации - фотографии - Белгија - Изложби
COBISS.MK-ID 60047882

